Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски, на ден _____ година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на експресен пат А3 (делница: Штип-Кочани), на КП 2801, КП 2804/1, КП 2804/2, КП 2806/1, КП 2808, КП 5190/1, КП 5191 и дел од КП 2805/1, КО Соколарци, општина Чешиново-Облешево, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски: www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за бензиска пумпна станица со придружни и услужни објекти на експресен пат А3 (делница: Штип-Кочани), на КП 2801, КП 2804/1, КП 2804/2, КП 2806/1, КП 2808, КП 5190/1, КП 5191 и дел од КП 2805/1, КО Соколарци, општина Чешиново-Облешево, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Бензинската пумпна станица ќе придонесе и кон развој на индустријата, од причини што транспортот е битен фактор за развој на производните дејности во смисла на обезбедување на повисока организација и интеграција на индустриските зони и комплекси, а бензинската станица како функција директно влијае врз квалитетот на транспортот преку услугите кои му ги обезбедува.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 67-3076/6
Датум: 03.10.2023
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски